# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС 2017 – 2021

Велес, Ноември 2016

| | |
|---|---|
| Автор: | Совет на млади на Општина Велес |
| Соработници: | Совет на Општина Велес<br>ОО на Црвен Крст – Велес<br>СОУ Гимназија „Кочо Рацин"<br>СОУ „Јовче Тесличков"<br>ССОУ „Коле Неделковски"<br>ССОУ „Димитрија Чуповски"<br>ООУ „Васил Главинов"<br>Студентска унија при ТТФ-УКО Битола<br>УМС на ВМРО-ДПМНЕ ОК Велес<br>ОО на СДММ Велес |
| Компјутерска обработка: | Никола Ѓорѓиев<br>Филип Спиркоски<br>Филип Арилон |
| Корица: | Никола Ѓорѓиев |
| Печати: | „Книжара ИВА – 2003" - Велес |
| Тираж: | 500 примероци |
| Издавач: | **Општина Велес**<br>ул. „Панко Брашнар" бр.1<br>1400 Велес, Република Македонија<br>opve@veles.gov.mk<br>www.veles.gov.mk |


Цел на ЛСМ на Општина Велес е подобрување на општата состојба на животот на младите во Општина Велес. Основни приоритети кои произлегоа од анализата и се опфатени со ЛСМ се Младинско информирање, Локална младинска работа, Образование, Вработување и поддршка пред вработување, Култура, Спорт, Здравје и Квалитет на живот.

## СОРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. Листа на кратенки | ...4 |
| 2. Вовед | ...5 |
| 3. Анализа на состојбата | ...8 |
| 3.1 Профил на општината | ...8 |
| 3.2 Фокус група | ...9 |
| 4. Анализа на наодите според приоритетни области | ...10 |
| 4.1 Младинско учество | ...10 |
| 4.2 Младинско информирање | ...12 |
| 4.3 Локална младинска работа | ...14 |
| 4.4 Образование | ...16 |
| 4.5 Спорт | ...18 |
| 4.6 Здравје | ...20 |
| 4.7 Култура | ...22 |
| 4.8 Вработување и поддршка пред вработување | ...24 |
| 4.9 Квалитетен живот | |
| 5. Краток преглед на ЛСМ | ...26 |
| 6. Мониторинг | ...27 |
| 7. Листа на членови на работната група и координативното тело | ...29 |

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ЛСМ | Локална стратегија за млади |
| АП | Акционен план |
| НСМ | Национална стратегија за млади |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ОВ | Општина Велес |
| РМ | Република Македонија |
| ЕУ | Европска Унија |
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| МИЦ | Младински информативен центар |
| ЦВ | Центар за вработување |
| НВО | Невладина организација |
| КТ | Координативно тело |
| РГ | Работна група |

## 2. ВОВЕД

Изработката на Локалната стратегија за млади 2016-2021 се имплементираше во период од 3 месеци во тесна соработка на сите заинтересирани страни за младинската работа на територијата на Општина Велес.

Новата Локална стратегија за млади е продолжение на Локалната младинска стратегија 2016-2021, и истата има за цел да ги идентификува и лоцира проблемите и препреките со кои се соочуваат младите. Да ги препознае можностите и начините на кои младите ќе бидат вклучени во секоја сфера на модерниот општествен свет.

Носител на активностите за креирање на Локалната стратегија за млади е **Советот на млади на Општина Велес** кој е советодавно тело на Општина Велес, и има за цел да ги застапува интересите на младите во Општина Велес.

Советот на млади е составен од 9 члена од најразлични организации на возраст од 15 до 30 години од кои се избира претседател и заменик претседател со мандат од 4 години.

Советот на млади ги врши следните работи:

- Донесува Годишна програма за својата работа што ја усвојува Советот на општината;
- Донесува Деловник за работа на Советот;
- Расправа за прашања кои се на дневен ред на Советот на Општина Велес, а кои се во директна врска со работата на младите;
- Поднесува предлози до Советот на Општина Велес за донесување одлуки, програми и други акти од значење за младите во Општина Велес;
- Дава мислење по одлуки, програми и други акти кои се од надлежност на Советот на Општина Велес, а се од интерес за младите во Општина Велес;
- Изработува извештаи до надлежните органи за актуелните прашања и проблеми во врска со младите и предлага мерки за отстранување на истите за подобрување на положбата на младите на локално ниво;

- Организира и помага при организација на работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други работи во врска со прашања за младите со претходна консултација со Градоначалникот и општинските служби;
- Советот на млади поднесува извештаи до Советот на Општина Велес за реализираните активности од Годишната програма;
- Претставници од Советот на млади присуствуваат на седници на Советот на Општина Велес на кои што се ргледуваат прашања и политики во врска со младите.

**Изработката на стратегијата за млади ќе се одвива во V фази:**

**Фаза I: Формирање на работни тела за креирање на ЛСМ и организирање на обука за преставници од ЕЛС и младински здруженија за креирање на ЛСМ**

Реализацијата на Локалната стратегија за млади започна со идентификување на главните носители на младински активности и младинска работа на територијата на Општина Велес, како и на заинтересираните страни без чиe присуство и искажано мислење оваа стратегија не би била комплетна.

Вклучените страни учествуваа на две работилници организирани и водени од страна на членови и соработници на Советот на млади на Општина Велес, и истите имаа за цел да направат анализа на постоечката состојба во младинската работа и учество, да ги разгледаат постоечките стратегии за развој на Општина Велес, актуелната стратегија за млади на Општина Велес, како и Националната стратегија на млади на Република Македонија.

Темите кои беа разгледувани и на која основа беа поставени 9 тематски области се:

- **Младинско учество**
- **Младинско информирање**
- **Локална младинска работа**
- **Образование**
- **Вработување и поддршка пред вработување**
- **Култура**
- **Спорт**
- **Здравје**
- **Квалитет на живот**

Со завршувањето на овој дел, соработниците и членовите на Советот на млади организираа и дополнителна заедничка работилница на која сите резултати од двете работилници беа сублимирани во нацрт верзијата на стратегијата.

**Фаза II: Истражување „Ставовите на младите во Општина Велес по однос на младинските потреби"**

За дополнителна вклученост на младите, како и истражување на мислењето на младите направена е анкета помеѓу младите преку електронски пат при што младите од Велес беа прашани за тоа што тие би сакале во иднина локалната самоуправа да направи за подобрување на младинските потреби на ниво на Општина Велес.

Анкетата се спроведе електронски во периодот од 10.10.2016 до 25.10.2016, при што анкетирани беа повеќе од 300 лица на возраст од 15 до 29 години.

**Фаза III: Креирање на ЛСМ**

Врз основа на сублимираниот материјал од работилниците, како и анкетата спроведена помеѓу младите. Тим од Советот на млади започна да ја креира ЛСМ за периодот 2017-2021 при што идеите и предлозите беа претворени во текстот кој ја сочинува оваа стратегија.

**Фаза IV: Реализација на стратегијата**

За разлика од минатото, стратегијата овој пат има тело кое е надлежно за спроведување на истата на локално ниво односно Советот на млади на Општина Велес.

Во согласност со своите надлежности добиени од Советот на Општина Велес, Советот на млади има обврска секоја година да креира програма која ќе биде во согласност со стратегијата за млади и истата да ја презентира пред Советот на Општина Велес за што на крајот од секоја година резултатите ги презентира како извештај до Советот на Општина Велес.

Фаза V: Усвојување на ЛСМ

На 04.11.2016 Стратегијата е испратена до сите заинтересирани страни со повик за давање на мислење за Стратегијата и предлози за подобрување. Советот на млади на Општина Велес ја усвои корегираната Стратегија и истата ја предложи за усвојување до Советот на Општина Велес. Советот на Општина Велес едногласно ја усвои Локалната стратегија за млади 2017 – 2021 година.

## 3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### 3.1 Профил на општината

Како посебна единица на локалната самоуправа, Општина Велес е формирана во 2005 година. Вкупната површина на општината е 97,02 км², а според пописот на населението од 2002 година, вкупниот број жители изнесува 55.108, кои живеат во 16.959 домаќинства или просечно по 3,25 членови во домаќинство. Општина Велес има свое знаме и грб, химна и маскота.

Во состав на Општината Велес влегуваат 28 населени места и тоа: Башино Село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Караслари, Горно Оризари, Долно Караслари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуниште, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново село, Отовица, Ораовец, Раштани, Р'левци, Рудник, Сливник, Сопот, Сујаклари.

Анализата која беше извршена во Општина Велес беше со цел фокусирање на најприоритетните проблеми за младите. Преку реализација на фокус група се селектираа приоритети на кои понатаму ќе се однесуваат Стратегиите. Приоритетите за Општина Велес беа **младинско учество, младинско информирање, локална младинска работа, образование, вработување и поддршка пред вработување, култура, спорт, здравје, квалитет на живот.**

За детектирање на состојбата во овие приоритети се реализираше анкета и интервјуа со клучни личности, како и фокус група за дискусија на добиените информации и предлагање на потенцијални решенија.

Генерално, наодите во сите приоритетни сфери укажуваат на пасивност и незаинтересираност на младите за младинските проблеми и потреби. Доминира неинформираноста за состојбите на локално ниво и незаинтересираноста на младите да дојдат до информации кои ќе им бидат корисни.

Повеќе информации за фактичката состојба се дадени во делот Анализа на наодите според приоритетни области.

### 3.2 Фокус група

За формирање на фокус групата која имаше за цел да се дефинираат приоритетни области за делување се користеше намерен примерок. При тоа составот на фокус групата вклучуваше:

- претставници од локални младински организации, политички подмладоци, претставници на средношколски и студентски заедници и сојузи;
- советник од локалната администрација кој работи на младинската проблематика;
- советници во советот на општината;
- претставници од рурални места во склоп на општината;
- претставници од локални институции (училишта, болници, центри за социјална работа, домови на култура).

Дополнителни критериуми при изборот на учесниците во фокус групата беа:

- соодветна полова застапеност;
- возраст;
- етнички баланс соодветен на структурата во општината;
- граѓански статус.

Листата на учесници во фокус групата се дадени во прилог.

### Реализација на анкета

Во општината се селектираше соодветен примерок на млади луѓе на возраст до 15 – 29 години кои пополнија прашалници. Примерокот беше селектиран според податоците од пописот на населението од 2002 година. Бројот на млади луѓе во општината кои учествуваа во анкетата се одреди

соодветно на вкупниот број млади на возраст од 15 – 29 години. Во рамки на примерокот пропорционално се применија критериумите на полова, возрасна структура и граѓански статус во општината. Наваков начин се обезбеди максимална репрезентативност имајќи ги во предвид финансиите, достапноста на информации според бараните критериуми и достапноста на единиците во примерокот.

За Велес структурата на примерокот изгледаше вака:
Табела 1 – Структура на примерок за Општина Велес
(вкупно испитаници 329)

| ВКУПНО АНКЕТИРАНИ | Пол | | Работен статус | | | Возрасна група | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | вработен | невработен | студира/ учи | 15-20 год. | 21-25 год. | 26-30 год. |
| 329 | 181 | 147 | 122 | 75 | 131 | 108 | 177 | 43 |

## 4. Анализа на наодите според приоритетни области

### 4.1 МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Младинското учество претставува право и можност сите млади да бидат вклучени во креирање, носење и реализација на политиките од нивниот интерес. Младинското учество е процес на создавање на можности за истите да бидат значаен дел од процесот. Споменатите можности се создаваат преку развивање на спектарот на формални и неформални механизми за младинско учество.

Клучните предизвици во тематската област на младинско учество се поврзани со ставовите на младите дека ти е се само делумно вклучени при креирањето на политиките. Младите кои членуваат во здружение на граѓани сметаат дека е мал процентот на млади кои не членуваат во ниту една организација и дека значаен процент од младите воопшто не се интересираат за политика. Наведените клучни предизвици може да предизвикаат активност на младата популација, да инспирираат пасивни граѓани и да влијаат на

квалитетот на образованието и во целост да влијаат на квалитетот на животот кај младите.

Во согласност со утврдените клучни предизвици, со оваа стратегија се предвидуваат соодветни долгорочни цели и мерки преку кој ќе се делува кон решавање на наведените проблеми.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

1. Промоција на младинскиот активизам
   Мерки за реализација на првата цел:
   - Организирањето на презентации за младински активизам значително би влијаела на промоцијата на младинскиот активизам;
   - Запазување на динамичноста во процесите е клучен сегмент во привлекувањето на младата популација;
   - Организирање на обуки и кампови за млади придонесува кон зголемување на интелектуалниот капацитет на младите и нивна конкурентност на пазарот.

2. Развивање на креативност
   Мерки за реализирање на втората цел:
   - Преку организирање на работилници младата популација се стекнува со дополнително знаење и развивање на креативноста за понатамошна имплементација во секојдневниот живот;
   - Со спроведување на конкурси младите имаат можност за развивање на својата индивидуалност, решителност како и развивање на натпреварувачкиот дух и креативност.

3. Селективна можност за учество
   Мерки за реализирање на третата цел:
   - Слободните активности придонесуваат секој млад човек да има право слободно да се вклучи во сите сфери на општественото делување;
   - Отворените конкурси претставуваат можност за вклучување на младите без никакви ограничувања.

4. Недоверба во младите

   Мерки за реализирање на четвртата цел:

   - Заедничка соработка претставува основа и процес на отвореност на кои би се темелеле младинските активности и би се надминало секое недоразбирање и недоверба;
   - Присуството на двострана комуникација значително може да ја намали недовербата кај младите.

Колку, според Вас, мислењето на младите и нивните идеи учествуваат во креирањето и спроведувањето на политиките на локално ниво?




## 4.2 МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

Младинското информирање претставува систем од активности преку кои се пренесуваат информациите до младите. Во замислениот систем од активности треба да се обезбеди пристап до информациите кои се поврзани со младите, а се обезбедени од институциите на локално ниво.

Младинското информирање се подразбира и како систем за давање услуги со специјализирани сервисни информации, кои се од интерес на младите луѓе. Клучните проблеми во областа на младинското информирање се поврзани со ограничени информации на младите, начинот на презентација на информациите кој не е на јазик близок на младите, како и не соодветното користење на социјалните медиуми и начинот на презентација на информацијата која не е на младинско пријателски јазик. Не постоењето на младинско информирање, преку кое на едно место ќе се најдат информации кои се од интерес на младите граѓани, како и не постоење практика за споделување на информации на младите.

Во согласност со утврдените клучни предизвици, со оваа стратегија се предвидуваат соодветни долгорочни цели и специфични мерки.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

1. Достапност и транспарентност на информации од интерес на младите
   Мерки за реализација на првата цел:
   - Зголемена информираност на социјалните мрежи преку формирање на соодветни групи на кои би се објавувале информации од интерес на младите;
   - Постигнување на зголемена информираност на младите преку споделување на информации на огласна табла во воспитно-образовните институции;
   - Постигнување на зголемена информираност на младите преку задолжено лице за спроведување на истата цел.

2. Вклученост на младите
   Мерки за реализација на втората цел:
   - Креирање на информациите на јазик едноставен и лесно разбирлив за младата популација;
   - Активно споделување на информациите од страна на младите.

3. Форум за млади
   Мерки за реализација на третата цел:

- Креирање на web портал за подобра комуникација помеѓу младите;
- Креирање на android апликација на која ќе им бидат лесно достапни информациите.

4. Еднолично информирање
   Мерки за реализација на четвртата цел:
   - Употреба на софистицирани софтверски решенија во информираноста;
   - Изработка на добро визуелно-естетски подготвен плакат.




## 4.3 ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА РАБОТА

Локалната младинска работа претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен, личен, социјален и општествен

потенцијал. Директно е поврзана со развојот на локалната заедница преку која младите стануваат активни субјекти во процесот на сопствениот развој како и активни чинители во животот на заедницата.

Клучни предизвици во оваа област со која се соочуваат младите се поврзани со фактот дека младинската работа не е препознаена како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите.

Младинската работа не е формално регулирана, стандардизирана и интегрирана како дел од системот на воспитание, образование и заштита на младите и истата не е подеднакво достапна за младите во различни региони во земјава.

ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

1. Зголемување на соработката на информираноста на младите за Законот на волонтирање и придобивките од младинската работа
   Мерки за реализација на првата цел:

   - Едукација на младите во училиштата за законската рамка и придобивките од волонтерство;
   - Организирање на јавни кампањи за промоција на волонтерството;
   - Развивање на соработка со граѓански здруженија кои работат во оваа сфера;
   - Поттикнување на младите за отварање на граѓански здруженија;
   - Соработка помеѓу училиштата, бизнис секторот и локалната самоуправа.

2. Воспоставување соработка и зајакнување на постоечка соработка помеѓу основните и средните училишта, локалната самоуправа и здруженијата на граѓани
   Мерки за реализација на втората цел:
   - Формирање и поддршка на локални младински клубови;
   - Обезбедување на простории за локални младински клубови;
   - Развој на анализа за интересот на младите на областите за волонтирање;

- Изработка и примена на програми за волонтерство во секторите во Општина Велес и јавните претпријатија во надлежност на општината;
- Поттикнување на јавниот сектор за давање можност за волонтирање на младите.




## 4.4 ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието им овозможува на младите и на возрасните моќ за аргументирано расудување, да прават избор и да си го подобрат животот. Образованието е основно човеково право. Тоа го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и социјалниот развој.

Образовниот систем во Општина Велес и пошироко во државата е постојан процес на реформи. Регистрираните потреби на младите во рамки на истражувањата со кои се анализира состојбата повикуваат за вложување на дополнителни напори со цел да се подобри образованието кое им се нуди на младите луѓе. Таквите потреби се однесуваат пред се на подобрување на квалитетот на наставниот кадар, опфатот и квалитетот на наставните

содржини, развивање и воведување на иновативни техники и методи на учење и подеднаков пристап на младите во процесот на образование.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

1. Подобрување на техничките услови за работа во сите образовни струки
   Мерки за реализација на првата цел:
   - Обезбедување на планско запишување на определен број на ученици во согласност со просторните можности на училиштето за одржување на кабинетска настава;
   - Зголемување на нагледноста при изучување на наставните содржини и контрола над истата.

2. Неформална настава
   Мерки за реализација на втората цел:
   - Сет на обуки за подобрување на личните вештини;
   - Работилници за развивање на креативноста на младите.

3. Мотивација на младите за запишување во средни училишта за кои постои поголема потреба на пазарот на трудот и локалната заедница
   Мерки за реализација на третата цел:
   - Афирмирање на образовните профили за кои постои поголема потреба на пазарот на трудот и локалната заедница;
   - Овозможување преквалификација на младите кои имаат завршено некое сродно образование;
   - Подобрување на професионалната ориентација на учениците во основните училишта и гимназии.

4. Проверка на знаење и подобрување на динамиката и комуникацијата во воспитно-образовниот процес
   Мерки за реализација на четвртата цел:
   - Индивидуален слободен избор на начинот на изразување на знаењето;

- Слободна двострана комуникација помеѓу професор-ученик, ученик-ученик и ученик-професор.




## 4.5 СПОРТ

Спортот претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или пак постигнува резултати во натпреварувањето на сите нивоа. Спортот е дел од уставот на РМ каде во член 47 став 5 се вели "Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот", следствено на тоа, спортот треба да биде непроменлив сегмент од развојот на секоја генерација. За развивање на спортот кај младите потребна е соработка на сите засегнати страни вклучувајќи пристап и соработка на локално ниво како и активно вклучување на граѓанскиот сектор.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

1. Мотивирање на младите за нивно редовно вклучување и активно спортување

   Мерки за реализирање на првата цел:
   - Креирање на велосипедска патека, зголемен број на фитнес зони;
   - Стимулација (награди) за пријава во учество на натпревари;
   - Дополнителна мотивација за спортот на младинци на возраст од 6 до 12 години.

2. Спортски клубови

   Мерки за реализирање на втора цел:
   - Формирање на школски клубови и Општинска лига што дополнтелно би ги мотивирало младите за активно вклучување во спортот.

3. Поттикнување и промовирање на здрави животни навики

   Мерки за реализирање на третата цел:
   - Промовирање на здрави животни навики и здрав начин на исхрана кај младите;
   - Унифицирање на програми за здрави животни навики во училиштата;
   - Спроведување на превентивни програми од злоупотреба на други во училиштата;
   - Кампања за промоција на спортот помеѓу младите луѓе како фактор за здрави квалитетен живот.

4. Вклучување на младите во креирањето и спроведувањето на политиките за развој на спортот

   Мерки за реализирање на четвртата цел:
   - Развивање на програмата за вклучување на младите кои не се занимаваат со врвен спорт;
   - Промоција на значењето кое произлегува од спортот;
   - Формирање на тело за едукација и промоција за активно вклучување во спортот;

- Едукација и поддршка во подготовка на програмите на млади кои имаат попреченост во развојот.




## 4.6 ЗДРАВЈЕ

Здравјето е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци. Клучните предизвици во областа на здравје се поврзани со растечкиот тренд на ризични однесувања меѓу младите во Општина Велес, поврзани со сексуално и репродуктивно здравје, зголемената тенденција на употреба на алкохол, тутун и психоактивни супстанци, зголемената појава на случаи на насилство, повреди меѓу младите, зголемени последици од неправилна исхрана, прекумерна тежина, анорексија како и зголемен број случаи на повреди и смртност кај младите како последица на сообраќајни несреќи.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

1. Намалување на ризичното однесување и насилството кај младите.
   Мерки за реализација на првата цел:
   - Достапност на програмите за превенција на болести, на независности кај младите лица;
   - Сеопфатно сексуално образование;
   - Зајакнување на капицитетот на службите на брза помош за препознавање и третман на предозирање од психоактивни супстанци.

2. Зголемување на свесноста кај младите за одговорностите при учество во сообрќајот
   Мерки за реализација на втората цел:
   - Подигнување на свесноста и сообраќајната култура на младите;
   - Дополнители часови за безбедност во сообраќајот;
   - Промотивен материјал (флаери, видеа);
   - Создавање соодветна инфраструктура за безбедно вклучување на сите учесници во сообраќајот (велосипетски патеки, пешачки премини, сигнализација и др.).

3. Воведување здрави животни навики кај младите, како и активности за зачувување на животната средина
   Мерки за реализација на третета цел:
   - Кампања за здрави животни навики;
   - Подигнување на свеста кај младите за значењето и чувањето на животната средина;
   - Креирање на неформални младински групи;
   - Информирање на младите за зачувување на зеленилото и животната средина;
   - Волонтерството како алатка за заштита на животната средина;
   - Зајакнување на соработката помеѓу Општина Велес и здруженија на граѓани на кои главно или споредна дејност им е заштита на животната средина.




## 4.7 КУЛТУРА

Културата е фактор кои го поттикнува цивилизациските развој, ја зголемува општествената кохезија и ја профилира сликата на една држава во меѓународни рамки. Таа вклучува збир на мерки и активности за подобрување на културно рекреативниот живот и културната понуда за младите во Општина Велес. Таа опфаќа музика, театар, филм, книжевност, сликарство, вајарство, копаничарство, танц итн.

Клучни предизвици дефинирани во оваа област се:

- Незаинтересираност кај младите да посетуваат културни настани и културни институции, но и новата медуимска култура која се наметнува кај младите.

## ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

1. Поддршка за културно ангажирање, творештво и масовно вклучување на младите во активности од културата
   Мерки за реализација на првата цел:
   - Поддршка на младински проекти од културата;
   - Поддршка за млади таленти во Општина Велес преку финансиски средства, дообука и професионален развој;
   - Поддршка на здруженија на граѓани.

2. Зголемување на обемот на активностите во училиштата
   Мерки за реализација на втората цел:
   - Средношколски забави;
   - Театарски фестивал помеѓу училиштата;
   - Годишна изложба на креативноста на младите;
   - Училишни клубови за негување на старите традиционални занаети.

3. Зголемување на атрактивноста на културните настани за младите преку зголемено вклучување и консултирање на младите во планирањето и спроведувањето на истите
   Мерки за реализација на третата цел:
   - Вклучување на младинските организации во активности за планирање, спроведување и евалуација на културната понуда




## 4.8 ВРАБОТУВАЊЕ И ПОДДРШКА ПРЕД ВРАБОТУВАЊЕ

Вработувањето претставува важна етапа во осамостојувањето на секој млад човек и претставува клучен фактор во неговата трансформација во рамноправен и активен чинител на едно општество.

Вработувањето најчесто претставува и прв чекор кон достигнување на финансиска и социјална независност и како таков е една од основните одредби за премин кон светот на возрасните.

Главни аспекти на младинската вработеност се времето потребно за премин од образование во работа, искористеноста на младите како работна сила како и карактеристиките на работните места на кои се вработени младите.




## 4.9 КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ

Под квалитет живот се подразбира генералната благосостојба на поединецот и општеството. Квалитетот на животот во себе вклучува широк спектар на полиња меѓу кои се: меѓународен развој, здравје, политика и вработување. Стандардните индикатори за квалитет на живот не го вклучуваат само економскиот елемент туку и животната средина, физичкото и менталното здравје, образованието, рекреацијата, слободното време и припадноста на социјалните кругови. Дополнителни фактори кои вијаат на квалитетот на животот се и слободата на човековите права и среќата.




## 5. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЛСМ

Документот Локална стратегија за млади на општина Велес е креиран за периодот од 2017 година до 2021 година. Цел на ЛСМ на Општина Велес е подобрување на општата состојба на животот на младите во општина Велес. Основни приоритети кои произлегоа од анализата и се опфатени со ЛСМ се:

- Младинско информирање
- Локална младинска работа
- Образование
- Вработување и поддршка пред вработување
- Култура
- Спорт
- Здравје
- Квалитет на живот

За горенаведените приоритети се разработени специфични цели и стратегии за нивно остварување. Преку имплементација на ЛСМ во наредните пет години на ниво на општина Велес, во соработка со јавни институции,

бизнис секторот и граѓанскиот сектор ќе се работи на остварување на главната цел на стратегијата преку подобрување на состојбата на младите на локално ниво.

## 6. МОНИТОРИНГ ПЛАН

Со цел ефективно спроведување на оваа Локална стратегија за млади на Општина Велес, Советот на млади на Општина Велес ќе има за цел понатамошен мониторинг на стратегијата и ќе има обврски и задолжение да го мониторира спроведувањето на Стратегијата врз основа на следните точки:

1. Советот на млади на Општина Велес во текот на својата работа активно ќе ги спроведува и имплементира препораките и насоките изработени во оваа Стратегија за млади. При изработката на Годишната програма за работа на Советот на млади на Општина Велес во рамките на Програмата за млади на Општина Велес, запазени ќе бидат препораките на оваа Стратегија.

2. Советот на млади преку извештаите за реализација на Годишните програми на Советот на млади ќе ги разгледува постигнатите цели на Стратегијата и преку програмата која ќе биде дел од работата на Советот на млади ќе вложува напори целите зацртани во оваа Стратегија да бидат целосно исполнети.

3. Мониторингот на работата на Советот на млади на Општина Велес го врши Советот на Општина Велес, Градоначалникот на Општина Велес и административниот тим од Одделението за јавни дејности на Општина Велес, додека младите кои се вклучени како членови и соработници во Советот на млади на Општина Велес имаат задача програмите кои ќе бидат креирани да ги ставаат во акција.

4. Советот на млади на Општина Велес ќе ги застапува младите во Општина Велес при носењето на одлуките на локално ниво кое ги засега младите и акцентот на својата работа ќе го стави на застапеноста на младите во ЕЛС и креирањето на младинските политики во локалната самоуправа.

5. Извештај за работата на Советот на млади на Општина Велес ќе биде презентиран на крајот на секоја година со детално објаснување на реализацијата на програмите кои произлегуваат од оваа стратегија. Главен носител на програмите кои ќе бидат креирани ќе бидат претседателот на Советот на млади на Општина Велес и членовите на Советот на млади на Општина Велес. Извештаите за реализација на програмите како и самите програми кои ќе бидат презентирани пред Советот на Општина Велес за освојување ќе бидат застапувани од страна на Претседателот на Советот на млади на Општина Велес.

## 7. ЛИСТА НА ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНАТА ГРУПА И КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО

Координативно тело:

| | Име и презиме | Претставник на/ предложен од |
|---|---|---|
| 1. | Филип Спиркоски | Претседател на Совет на млади на Општина Велес |
| 2. | Филип Арилон | Администрација на Општина Велес |
| 3. | Живе Катранџиев | Член на Советот на Општина Велес |
| 4. | Никола Ѓорѓиев | Член на Совет на млади на Општина Велес |

Работна група:

| | Име и презиме | Претставник на/ предложен од |
|---|---|---|
| 1. | Филип Спиркоски | Координатор на проектот |
| 2. | Филип Арилон | Администрација на Општина Велес |
| 3. | Бојан Смилески | УМС на ВМРО-ДПМНЕ ОК Велес |
| 4. | Христина Тодевска | БМЦ – Македонија |
| 5. | Александар Лепидовски | ДППД Видра |
| 6. | Александар Стојковски | ФОКУС |
| 7. | Андреј Камилов | ОО на СДММ Велес |
| 8. | Никола Гочевски | Средношколска заедница при ОССУ „Димитрија Чуповски“ |
| 9. | Никола Ѓорѓиев | УМС на ВМРО-ДПМНЕ ОК Велес |
| 9. | Благојче Ѓорчевски | Извиднички одред „Димитар Влахов“ |
| 10. | Лилјана Николовска | Студент |
| 11. | Никола Наков | Студент |
| 12. | Лилјана Ризова | Студентска унија при ТТФ-УКО Битола |
| 13. | Давид Наумов | Средношколска заедница при ССОУ „Коле Неделковски“ |
| 14. | Славче Иванов | Средношколска заедница при ССОУ „Коле |

| | | |
|---|---|---|
| | | Неделковски" |
| 15. | Стефани Манева | Средношколска заедница при ССОУ „Коле Неделковски" |
| 16. | Цветанка Ацева | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 17. | Горјан Марков | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 18. | Дона Жарова | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 19. | Игор Лазаров | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 20. | Елена Кимовска | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 21. | Никола Јованов | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 22. | Тања Илиевска | ОО на Црвен Крст – Велес |
| 23. | Бојана Маркова | ОО на Црвен Крст – Велес |
| 24. | Љубомир Новаковиќ | ОО на СДММ Велес |
| 25. | Пандорка Прличкова | ОО на СДММ Велес |
| 26. | Драган Арсов | ОО на СДММ Велес |
| 27. | Велимир Арсов | ОО на СДММ Велес |
| 28. | Дуњамин Мехмед | Чекори на младите |
| 29. | Сандра Танчева | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 30. | Сања Мирчева | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 31. | Стефан Мачавелов | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 32. | Виктор Стоименов | Студент |
| 33. | Дина Мирова | ООУ „Васил Главинов" |
| 34. | Александра Здравевска | ООУ „Васил Главинов" |
| 35. | Симона Димовска | ООУ „Васил Главинов" |
| 36. | Бојана Јанева | Средношколска заедница при СОУ „Јовче Тесличков" |
| 37. | Маргарета Виларова | Средношколска заедница при СОУ „Јовче |

| | | |
|---|---|---|
| | | Тесличков" |
| 38. | Сидерова Симона | Средношколска заедница при СОУ Гимназија „Кочо Рацин" |
| 39. | Сара Атанасовска | Средношколска заедница при СОУ „Јовче Тесличков" |
| 40. | Ивана Караколева | Средношколска заедница при СОУ „Јовче Тесличков" |
| 41. | Горан Зафиров | УМС на ВМРО-ДПМНЕ ОК Велес |

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на млади на Општина Велес
Филип Спиркоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Совет на општината ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС